# ТРЕТ КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТАТА НА АВМУ И АЕК

PROformance WATCH

ЕВРОТИНК ЦЕНТАР ЗА ЕВРОПСКИ СТРАТЕГИИ
CENTER FOR EUROPEAN STRATEGIES EUROTHINK
eurothink.mk

НВО ИНФОЦЕНТАР

ТМ ТРАНСПАРЕНТНОСТ МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Македонски центар за европско образование / Macedonian Centre for European Training

НВО ИНФОЦЕНТАР

ТРАНСПАРЕНТНОСТ МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

PROformance WATCH

# ТРЕТ КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА АВМУ И АЕК

PROformance WATCH

**ТРЕТ КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА АВМУ И АЕК**

**Превод и лектура:**
Абакус

**Ликовно-графичко обликување:**
Бригада дизајн

Funded by UK Government

Подготовката на оваа публикација беше овозможена со поддршка од Британска амбасада Скопје, во рамките на проектот „Мониторинг на ефикасноста, ефективноста, транспарентноста и одговорноста на регулаторните тела за медиумите – PROformance watch“. Мислењата и ставовите наведени во оваа публикација не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската амбасада.

СОДРЖИНА



| | | |
|---|---|---|
| 1. | **ВОВЕД** | 4 |
| 2. | **АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ (АВМУ)** | 4 |
| 2.1 | Транспарентност и отчетност | 4 |
| 2.1.1 | Седници на Советот | 4 |
| 2.1.2 | Јавен состанок | 5 |
| 2.1.4 | Интернет-страница и Јутјуб-канал | 5 |
| 2.2 | Ефективност и независност | 6 |
| 2.2.1 | Независност и реформи | 6 |
| 2.2.2 | Ефикасност | 7 |
| 2.3 | Перформанси и извршување | 8 |
| 2.3.1 | Нови вработувања | 8 |
| 2.3.2 | Учество на состаноци и дебати | 8 |
| 2.3.3 | Надзори и мерки | 8 |
| 2.3.4 | Студии, анализи и истражувања | 9 |
| 2.4 | Јавен интерес | 9 |
| 2.4.1 | Стратегијата за развој на аудио и аудиовизуелната дејност | 9 |
| 2.4.2 | Мрежа за медиумска писменост | 10 |
| 2.4.3 | Говор на омраза и дискриминација | 10 |
| 2.4.4 | Професионални стандарди во новинарството | 11 |
| 2.4.5 | Медиумите и настаните во Собранието на 27 април | 11 |
| 2.4.6 | Закани за новинарите | 12 |
| 3. | **АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ** | 12 |
| 3.1 | Транспарентност и отчетност | 12 |
| 3.1.1 | Интернет - страници | 12 |
| 3.1.2 | Социјални мрежи | 13 |
| 3.1.3 | Состаноци на Комисијата | 14 |
| 3.1.4 | Јавни расправи | 15 |
| 3.1.5 | Јавни состаноци | 16 |
| 3.1.6 | Соопштенија | 16 |
| 3.1.7 | Соработка со АЕК | 17 |
| 3.2 | Ефективност и независност | 17 |

| | | |
|---|---|---|
| 3.2.1 | Донации на АЕК | 17 |
| 3.2.2 | Анализа на измените на Годишниот финансиски план на АЕК за 2017 година | 18 |
| 3.3 | Перформанси и извршување | 18 |
| 3.3.1 | Обуки на вработените во АЕК | 18 |
| 3.3.2 | Јавни набавки | 19 |
| 3.3.3 | Меѓународна регулаторна конференција 24-26 мај 2017 | 20 |
| 3.3.4 | АЕК излезе со препораки за опасниот WannaCry вирус | 20 |
| 3.3.5 | Меморандум со Регулаторната агенција за комуникации на БиХ | 20 |
| 3.4 | Јавен интерес | 21 |
| 3.4.1 | Грижа за корисници | 21 |
| 3.4.2 | Мобилни и веб-апликации на АЕК | 21 |

# 1. ВОВЕД

Евротинк – Центарот за европски стратегии, во соработка со НВО Инфоцентар, Транспарентност Македонија и Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија, го спроведува проектот „Мониторинг на ефикасноста, ефективноста, транспарентноста и одговорноста на регулаторните тела за медиуми – Мониторинг на перформансите“. Програмата се реализира во периодот септември 2016 – март 2018 година и е поддржана од Британската амбасада во Република Македонија. Проектниот тим ги набљудува ефикасноста, ефективноста, транспарентноста, одговорноста и заштитата на јавниот интерес на две регулаторни тела: Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ) и Агенцијата за електронски комуникации (АЕК).

Овој трет квартален извештај се однесува на работата на АВМУ и на АЕК во периодот април – јуни 2017 година и е подготвен врз основа на „Мониторинг-матрицата за работата на АВМУ и АЕК“,[1] креирана во консултација со двете регулаторни тела и објавена во јануари 2017 година. Методологијата која е изработена за потребите на овој мониторинг ги зема предвид спецификите на двете регулаторни тела и ја следи нивната работа од аспект на транспарентноста и отчетноста, ефикасноста и независноста, перформансите и заштитата на јавниот интерес.

[1] Мониторинг-матрица за работата на АВМУ и АЕК, http://eurothink.mk/documents/sHGS5RQrpszZA2TfG

# 2. АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ (АВМУ)

## 2.1 Транспарентност и отчетност

АВМУ и во вториот квартал од 2017 година го одржува солидното ниво на транспарентност и отчетност. Седниците и одлуките на Советот се јавни, јавните состаноци се редовни и се сѐ повеќе инклузивни, односно ги вклучуваат претставниците на медиумската сфера и на граѓанското општество, а интернет-страницата редовно се надополнува со нови информации, документи и други содржини што произлегуваат од работата на Агенцијата.

### 2.1.1 Седници на Советот

Во второто тримесечје од 2017 година, Советот на АВМУ одржа 7 седници, односно двојно помалку отколку во претходниот квартал. Сите седници беа пренесувани во живо, на Јутјуб-каналот на Агенцијата.

Советот, во овој период, донесе одлука за доделување дозвола за музичко-говорно радио од општ формат (на македонски јазик), за подрачјето на Општина Кривогаштани, како и одлука за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитно радио на ромски и на македонски јазик, на подрачјето на Општина Штип.

Едновремено, Советот на АВМУ не го усвои предлогот на директорот и донесе одлука да не објави јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс. Четирите радиодифузери, Компани 21-М, 24 Вести, ТВ Шења и ГБЦ Комуникации, кои доставија барања за доделување дозвола за телевизиско емитување, беа известени дека Агенцијата нема да објави јавен конкурс бидејќи не ги запази роковите за изработка и објавување на студијата за утврдување на оправданоста за отворање јавен конкурс, како и за донесување одлука за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување. Според АВМУ, причината за ваквото непочитување на роковите се предвремените парламентарни избори што се одржаа во декември 2016 година.

Во овој период на мониторингот, АВМУ направи и два ребаланса на Финансискиот план за 2017 година, како и дополнувања во Годишниот план за јавни набавки, во рамките на предвидените годишни расходи. Една од причините за ребалансот на буџетот на Агенцијата е претстојното организирање меѓународна регулаторна конференција за медиумите. Висината на предвидените трошоци за конференцијата изнесува 744.000 денари. Исто така, АВМУ со ребалансот ја зголеми ставката за набавка на опрема, која од претходните 300.000 се зголеми на 595.000 денари.

### 2.1.2 Јавен состанок

На 29 јуни, АВМУ ја испочитува законската обврска и го одржа вториот јавен состанок за 2017 година, кој се емитуваше и во живо, на Јутјуб-каналот на Агенцијата. Тематскиот дел на состанокот беше посветен на професионалните новинарски принципи и на начините за нивно подобрување. Во дискусијата на оваа тема учествуваа претставници од Советот на Агенцијата, Советот за етика, медиумските здруженија и невладините организации. *(Заклучоците од дискусијата на Јавниот состанок можат да се прочитаат во поглавјето 2.4 (Јавен интерес) и 2.4.3 (Професионални стандарди во новинарството) од овој извештај.*

Во рамките на состанокот, директорот на АВМУ ги презентираше и активностите на Агенцијата во вториот квартал од 2017 година.тела.

### 2.1.3 Интернет-страница и Јутјуб-канал

Во овој период, дизајнот и функционалноста на интернет-страницата на АВМУ останаа непроменети. Според информации од Агенцијата, во тек е процес на редизајнирање на интернет-страницата, за кој се очекува да биде завршен во третиот квартал на 2017 година.

Од аспект на содржините, интернет-страницата на АВМУ редовно се ажурира односно се надополнува со информации и документи од работата на Агенцијата.

Јутјуб-каналот на АВМУ функционира и преку него во живо се пренесуваат седниците на Советот и јавните состаноци. Што се однесува до социјалните мрежи, Агенцијата планира паралелно со промоцијата на обновената интернет-страница да се активира и на Фејсбук.

## 2.2. Ефективност и независност

### 2.2.1 Независност и реформи

И во овој квартален период, потребата од целосна политичко-партиска независност на АВМУ се наметна како исклучително важно и клучно прашање за функционирањето на ова регулаторно тело.

Владата на Република Македонија го усвои Планот за реформи 3-6-9[2], базиран на Договорот од Пржино и препораките на Прибе, со кој е опфатена и Агенцијата. Извршната власт најави дека ќе го ослободи медиумскиот простор од какви било институционални или персонални влијанија, вклучително и финансиска зависност, како и дека во наредните девет месеци ќе подготви *„предлог-измени на законската регулатива, кои ќе обезбедат избор на членови на Советот на Агенцијата за аудиовизуелни и медиумски услуги (ААВМУ), врз основа на заслугите“.*

Во пресрет на претстојните реформи во медиумската сфера, свои барања доставија Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ), Самостојниот синдикат на новинарите и медиумските работници (ССНМ), Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), Македонскиот институт за медиуми (МИМ) и Институтот за комуникациски студии (ИКС). Тие, меѓу другото, бараат: *„Измени*

[2] Влада на Република Македонија, План 3-6-9, http://vlada.mk/sites/default/files/Plan3-6-9MKD.pdf

*во одредбите на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во поглед на начинот на предлагање и именување членови на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со цел ова тело да се департизира; Со оглед на неефикасното собирање на радиодифузната такса, да се изнајде решение за долгорочно, стабилно и независно финансирање на Агенцијата“.*[3]

И АВМУ достави свои ставови и мислење[4] до Министерството за информатичко општество и администрација и апелираше „сите законски измени, добро да се обмислат и да се донесат преку инклузивен и транспарентен процес, во којшто активно ќе учествуваат сите засегнати страни“.

Во второто тримесечје од 2017 година, Извештајот за работата на АВМУ во 2016 година влезе во собраниска процедура. На 20 јуни, Комисијата за транспорт и врски во Собранието на Република Македонија, започна со разгледување на Годишниот извештај. Директорот на АВМУ го претстави Извештајот пред членовите на Комисијата, но тој не беше усвоен до затворањето на овој документ. Годишниот извештај на АВМУ предизвика жестока дискусија во Комисијата, а парламентарното мнозинство најави дека нема да го усвои Извештајот, иако е стручно подготвен, затоа што *„АВМУ не најде контролни механизми да ги спречи наметнатите влијанија врз медиумите од страна на власта, што резултираше со тоа Македонија да се најде на дното според слободата на медиумите“*[5].

### 2.2.2 Ефикасност

Во претходниот мониторинг-извештај констатиравме дека врз ефективноста на АВМУ негативно влијаат разликите меѓу Агенцијата, Основното јавно обвинителство (ОЈО) и Комисијата за заштита од дискриминација (КЗД), кога станува збор за препознавањето, спречувањето и санкционирањето на говорот на омраза и поттикнувањето дискриминација, нетолеранција и насилство во медиумските содржини. Оваа состојба не се промени ниту во второто тримесечје од 2017 година, бидејќи КЗД достави допис[6] до Агенцијата со кој утврдува дека нема дискриминација по основа на етничка припадност во случајот што го иницираше АВМУ против ТВ Сител.

Во своето барање, АВМУ детално и аргументирано објаснува дека во централните вести на телевизијата, во почетокот на декември 2016 година, биле објавени 4 новинарски прилози кои се однесуваат на двојазичноста во Република Македонија и кои содржеа пораки што поттикнуваат и шират дискриминација, нетрпеливост и омраза.[7] Според Комисијата за заштита од дискриминација, овие прилози не биле дискриминирачки, туку биле во контекст на изборната кампања, *„како понуда што се нуди од една политичка опција, а како поддршка на друга политичка опција“*.[8]

Четири субјекти (Компани 21-М, 24 Вести, ТВ Шења и ГБЦ Комуникации) доставија барања за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс. Агенцијата изработи Студија со којашто беше утврдено дека постои оправданост за објавување јавен конкурс и тоа за телевизиско емитување на програмски сервис од општ формат со сите три медиумски функции и за телевизиско емитување на програмски сервис со претежно образовен општ формат. Врз основа на овие наоди од Студијата, директорот на Агенцијата до Советот достави предлог за објавување на два конкурси. Советот на Агенцијата не го усвои

[3] Барања за итни медиумски реформи, http://znm.org.mk/?p=3494

[4] Ставови и мислење на Агенцијата во врска со предложените реформи во медиумскиот сектор опфатени во Програмата на Владата на Република Македонија, Планот 3-6-9, Барањето за итни медиумски реформи на петте здруженија/организации и Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од март 2016 година, http://avmu.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=3323%3A2017-07-28-11-13-55&catid=88%3Asoopstenija-media&Itemid=313&lang=mkmedia&Itemid=313&lang=mk

[5] Извештајот за работата на АВМУ во 2016 година пред собраниската Комисија за транспорт, А1.он, 20.6.2017, http://a1on.mk/archives/754351

[6] Мислење на Комисијата за заштита од дискриминација, http://avmu.mk/images/Mislenje_od_Komisija_za_zastita_od_diskriminacija.pdf

[7] Писмен извештај за извршен програмски надзор на ТВ Сител во периодот од 2 до 5 декември, АВМУ, 30.12.2016

[8] http://www.avmu.mk/images/TV_Sitel_vonreden_nadzor_po_sluzbena_dolznost.pdf

предлогот на директорот и не донесе одлука за објавување јавен конкурс, а како причина за тоа наведе дека се поминати роковите утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за донесување на ваквата одлука, а поради распишаните предвремени парламентарни избори што се одржаа во декември 2016 година. Надминувањето на роковите за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс и прекинувањето на целиот процес за доделување дозвола, влијаеше врз ефикасноста на Агенцијата. Иако како објективна причина за ова се наведуваат изборите, сепак, останува фактот дека АВМУ не одговори навремено на барањето на четирите радиодифузери.

## 2.3 Перформанси и извршување

### 2.3.1 Нови вработувања

Во овој квартал, Советот на Агенцијата одобри и донесе одлуки за објавување јавни огласи за вработување двајца извршители: виш соработник за јавни набавки и административно-технички работи и виш соработник за технологии и одржување на информатичкиот систем во Секторот за информатичка поддршка и општи работи. За да може АВМУ да го реализира процесот на вработување нови лица, Советот направи соодветни промени во Правилникот за внатрешна организација и работа, како и во Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Одлуката за нови вработувања и промените во внатрешната организација и систематизација на работните места во АВМУ беа направени врз основа на препораките од надворешниот ревизор.

### 2.3.2 Учество на состаноци и дебати

Претставници на Агенцијата учествуваа на 45-от состанок на Европската платформа на регулаторните тела (ЕПРА) во Единбург, Шкотска, организиран од Британското регулаторно тело, ОФКОМ.

По повод 3 мај - Светскиот ден на слободата на медиумите, претставници на АВМУ учествуваа на панел-дискусија за „Медиумската писменост и (не)довербата на граѓаните во медиумите", организирана од Делегацијата на Европската Унија во државава.

Во овој период, претставници на Агенцијата во улога на панелисти, модератори или говорници, учествуваа и на: работилниците „Правна заштита на новинарите согласно меѓународните стандарди и домашното законодавство", „Медиумската свест и практика за правото на заштита на личните податоци и слободниот пристап до информации во Република Македонија", „Заштита на личните податоци и медиумите", работилницата во врска со изработка на Националниот акциски план за родова еднаквост (2017-2020), „Професионалните стандарди помеѓу регулацијата и саморегулацијата", панел дискусијата „Родот во медиумите", националната конференција „Медиумска саморегулација и етички предизвици во медиумите", како и на меѓународната конференција „Иднината на комерцијалните терестријални ТВ канали на национално ниво – која е формулата за успех?".

PROformance WATCH

### 2.3.3 Надзори и мерки

Во овој квартален период, како дел од своите законски обврски и надлежности, АВМУ изврши редовни надзори врз радиодифузерите, давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, операторите на јавни електронски комуникациски мрежи и издавачите на печатени медиуми. Истовремено, Агенцијата изврши серија вонредни надзори, реализирани по службена должност, за повеќе законски одредби, вклучувајќи ги и начелата за вршење на дејноста, забраната за говор на омраза и почитувањето на обврската за емитување музика, објавување импресум и промена на сопственичката структура.

Спроведените надзори резултираа со изрекување на 21 опомена за радиодифузерите, 4 опомени за кабелските оператори и 2 опомени за издавачите на печатени медиуми.

### 2.3.4 Студии, анализи и истражувања

Агенцијата за медиуми, во периодот април-јуни 2017 година, ги објави следниве истражувања, анализи и студии:

- Истражување за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици на државно, регионално и на локално ниво, за првите четири месеци од 2017 година;
- Анализа на поведените прекршочни постапки против радиодифузерите, операторите на јавна електронска комуникациска мрежа и издавачите на печатени медиуми во периодот од 1 јануари до 31 декември 2016 година;
- Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитно радио на локално ниво, на подрачјето на Општина Штип.

## 2.4 Јавен интерес

И во овој период на набљудување, Агенцијата за медиуми манифестираше зголемена проактивност во однос на темите и проблемите од јавен интерес, како и зголемена отвореност спрема претставниците на граѓанскиот сектор и медиумската заедница.

### 2.4.1 Стратегијата за развој на аудио и аудиовизуелната дејност

АВМУ го започна процесот на подготовка на Стратегијата за развој на аудио и аудиовизуелната дејност за периодот од 2018 до 2022 година. Целта на Стратегијата е да се мапираат тековните состојби во аудио и аудиовизуелната дејност, да се утврдат целите и насоките за развој и да се определат конкретните активности за нивното остварување.

Агенцијата планира Стратегијата да биде резултат на широк консултативен процес во кој ќе бидат вклучени сите засегнати страни – медиумската заедница, граѓанското општество и експертите. Во интерес на инклузивноста и на јавната расправа, АВМУ организираше средба со претставниците на медиумските и граѓанските организации. Според најавите, овие консултативни средби и дис-

кусии ќе продолжат и во иднина.

Едновремено, Агенцијата објави и електронска адреса[9] на која сите заинтересирани граѓани можат да испратат свои сугестии и предлози за кои сметаат дека треба да бидат вградени во идниот стратешки документ.

### 2.4.2 Мрежа за медиумска писменост

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ја промовираше Мрежата за медиумска писменост на Република Македонија, чијашто цел е унапредување на соработката меѓу различните чинители во македонското општество кои креираат и спроведуваат политики и реализираат активности и проекти во сферата на медиумската писменост.

Мрежата има 35 основачи – образовни установи, граѓански организации, медиуми и државни институции, меѓу кои и две министерства – Министерство за образование и Министерство за труд и социјална политика. Мрежата е постојано отворена за нови членови, а ќе настојува да биде активна и на меѓународно ниво.

Оваа мрежа доби поддршка и од амбасадорот на Делегацијата на Европската Унија, Самуел Жбогар, кој смета дека медиумската писменост е особено важна за здравата демократија, за медиумските слободи и за плурализмот, како и дека медиумската писменост е испреплетена со развојот на критичкото размислување на граѓаните и нивната способност да бидат во тек со технолошките промените во општеството.

Првата активност на Мрежата опфаќа подготовка на ДВД со материјали и информации за медиумската писменост, наменет за основните училишта. Материјалите се обезбедени од повеќе членки на Мрежата, а свое место во него ќе најде и анимираниот филм „АВМУ под лупа - Што е работата на АВМУ?", подготвен во рамките на овој мониторинг-проект.

Во меѓувреме, Агенцијата отпечати и леток со информации за медиумската писменост, кој ќе биде дистрибуиран заедно со ДВД-то, а ќе биде распространет до пошироката јавност, како една од активностите на Агенцијата за подигнување на свесноста на граѓаните за важноста на медиумската писменост.

Во овој период Агенцијата започна активности за изработка на посебна веб страница посветена на медиумската писменост.

### 2.4.3 Говор на омраза и дискриминација

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги изврши вонреден програмски надзор врз работата на ТВ Алфа, за вестите емитувани на 15 мај 2017 година, во 17.30 и во 23 часот.

АВМУ констатираше[10] дека телевизијата, со прилогот „Ромите на речиси секоја раскрсница малтретираат граѓани – има ли стратегија за справување со овој проблем", поттикнува и шири дискриминација кон Ромите врз основа на етничка припадност и припадност на маргинализирана група.

Во својот извештај, Агенцијата истакнува дека освен укажување, таа нема можност да изрече каква било друга мерка с према медиумот, но дека врз основа на Законот за спречување и заштита од дискриминација, снимките од емисијата и

[9] strategija2022@avmu.mk

[10] Извештај за извршен програмски надзор, http://avmu.mk/images/TV_Alfa_23.05.2017.pdf

PR formance WATCH

писмениот извештај од извршениот надзор, со кој се констатира ширење дискриминација, ќе ги достави до Комисијата за заштита од дискриминација.

### 2.4.4 Професионални стандарди во новинарството

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во овој период, ја поддржа реакцијата на Советот за етика во медиумите и ги повика радиодифузерите стриктно да се придржуваат до професионалните начела за вршење на дејноста, водејќи сметка за улогата што ја имаат во обезбедувањето информации за граѓаните.

Исто така, тематскиот дел од вториот јавен состанок АВМУ го посвети токму на професионалните новинарски принципи и нивното почитување. Заедничка констатација на сите учесници беше дека медиумите и новинарите треба да го штитат јавниот интерес, да бидат објективни, да имаат интегритет и независност, да креираат информации врз основа на факти и во своите содржини да го почитуваат и рефлектираат плурализмот на мислења и ставови.

### 2.4.5 Медиумите и настаните во Собранието на 27 април

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го осуди насилството врз новинарите и новинарските екипи за време на случувањата во Собранието на 27 април годинава: *„Во такви тензични мигови, од огромно значење е на медиумските професионалци да им се овозможи непречено и безбедно да ја извршуваат својата работа. Тие се таму за да ја информираат јавноста за актуелните општествено-политички настани и, оттаму, секое насилство врз нив е неприфатливо и претставува директен напад врз слободата на изразувањето“.*

Истовремено, Агенцијата потенцираше дека медиумите треба да бидат дораснати на тежината на својата улога, да известуваат објективно и непристрасно, да не пренесуваат шпекулации и непроверени информации, да не кријат факти и да не ја подгреваат тензијата.

АВМУ достави допис до Програмскиот совет на јавниот радиодифузен сервис, Македонската радио-телевизија, за да го „преразгледа известувањето“ на јавниот сервис за случувањата во Собранието. Во дописот, Агенцијата го потсети Програмскиот совет дека јавниот сервис е должен да обезбеди постојано, вистинито, целосно, непристрасно, праведно и навремено информирање за сите важни политички случувања. Овој допис, според АВМУ, се должи на фактот што МРТ не обезбеди навремено информирање за настаните во Собранието, делови од репортерските јавувања не беа во согласност со улогата и функцијата на јавен радиодифузен сервис, а не беа организирани ниту актуелно-информативни програми во кои ќе се дебатира за овие општествено-политички случувања.

Во контекст на случувањата во Собранието, Агенцијата за медиуми изврши вонреден надзор врз програмата на ТВ Нова, емитувана на 27 април 2017 година[11]. Со надзорот беше констатирано дека при известувањето за случувањата во Собранието не се почитувани професионалните начела за вршење на дејноста, односно дека телевизијата не обезбедила објективно и непристрасно прикажување на настаните, со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања. Директорот на АВМУ писмено му укажа на медиумот дека ги прекршил законските начела за вршење на дејноста.

[11] Писмен извештај за извршен програмски надзор, 5.5.2017, http://www.avmu.mk/images/Izvestaj_TV_Nova_05.05.2017.pdf

## 2.4.6. Закани за новинарите

АВМУ, во два случаја (24 Вести[12] и Телеканал А1[13]), остро го осуди нападите и заканите врз новинарите и новинарските екипи. Според Агенцијата, безбедноста на медиумските професионалци во ниту еден случај не смее да биде загрозена, односно на медиумските работници треба да им се дозволи достоинствено и безбедно извршување на професионалните обврски.

За поголема ефикасност е потребно сублимирање на сите YouTube канали на АЕК, односно нивно спојување во еден канал, за да не се дисперзираат информациите и со тоа да се минимизира нивната основна функција – информирање на граѓаните.

[12] Соопштение на АВМУ, 8.6.2017, http://www.avmu.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=3273%3A---------24-&catid=88%3Asoopstenija-media&Itemid=313&lang=mk

[13] Соопштение на АВМУ, 23.5,2017, http://www.avmu.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=3261%3A2017-05-23-08-37-48&catid=103%3Astari-info-srd-srd&lang=mk

PROformance WATCH

# 3. АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

## 3.1 Транспарентност и отчетност

### 3.1.1 Интернет – страници

Главен информатор за транспарентноста и отчетноста на АЕК е главната интернет-страница на Агенцијата.[14] Во овој квартал редовно ја посетувавме интернет-ст раницата и можеме да констатираме дека најголем дел од документите и податоците се објавуваат навремено.

Како што посочивме и во претходниот извештај, покрај главната АЕК има уште две интернет-страници. Ваквата ситуација може да биде збунувачка за корисниците. Според претставниците на АЕК, секоја од трите страници има различна функција и содржина, па со самото тоа нивното постоење не би требало да внесува забуна кај корисниците.

Сепак, нашата анализа покажува дека објаснувањето за намената на секоја од интернет-страниците не е доволно јасно и не е доволно видливо за посетителите, затоа што се наоѓа во долниот лев агол на секоја од страниците на АЕК. Нашиот предлог е на главната страница на АЕК, покрај линковите што ги водат корисниците директно до услужните интернет-страници, да стои и јасно објаснување која е нивната функција и на која страница може да се обратат за информациите и услугите што им се потребни.

Според претставниците на АЕК, E-agencija.mk е најмногу насочена кон поднесување приговори од крајните корисници и операторите. Сите заинтересирани субјекти можат да се најават на оваа интернет страница и да поднесат било какво барање што е во доменот на работа на АЕК (барања за доделување на броеви и за радиофреквенции, приговори, увид во подземна инфраструктура, пријава на пречка, барање за стручен надзор, барање за мерење на емисии итн.) и по електронски пат да добијат повратна информација или одговор. Процедурата за регистрација е едноставна, а има и упатство за секој од чекорите за регистрација. Секој од нив треба да се регистрира на страницата за да може да постави прашање или пак, да поднесе приговор. Би било во интерес на граѓаните делот за поднесување приговор од крајните корисници да биде поставен и на главната интернет-страница[15], затоа што, според Годишниот извештај на АЕК, оваа интернет-страница е најпосетувана во споредба со останатите две страници.

**Komuniciraj.mk**[16] е третата интернет-страница на АЕК и на неа граѓаните можат да се информираат за работи од јавен интерес, на пример за **нејонизирачко зрачење**, мрежата на покривање на операторите, нивните тарифи, како и за новите алатки што ги воведува АЕК.

Прозорецот *„Тарифи“* се состои од два потпрозорци: *„Калкулатор“*, каде што граѓаните можат да ги постават своите побарувања за мобилна, фиксна и интернет-услуга и да пресметаат која е просечната цена што ја нудат операторите за тие услуга, и вториот дел *„Прегледи“*, каде што граѓаните можат да ги видат сите тарифи што ги нудат операторите. Во текот на овој квартал имаше технички

[14] http://www.aek.mk/
[15] http://www.aek.mk/mk/
[16] http://www.komuniciraj.mk/

проблеми при отварање на делот *„Прегледи“*. Во конусултации со претставниците на АЕК ни беше посочено дека во овој период се прават технички измени на начинот на презентација на овие информации, како и целосен редизајн на страниците Komuniciraj.mk и aek.mk. Од овие причини е настаната привремена недостапност на овој дел од порталот Komuniciraj.mk и затоа на страницата „Прегледи“ е поставен текстот „страницата е во изработка“. Цел на редизајнот е да се подобри Usability аспектот од страницата и услугата.

## 3.1.2 Социјални мрежи

Во овој квартал, повторно ја следевме активноста на Агенцијата на социјалните мрежи. АЕК беше најактивна на својот Јутјуб-канал[17], на кој беа објавени 25 видеа, а најголем дел од нив се однесуваа на случувањата на годинешната Меѓународна регулаторна конференција 2016, во Охрид. На вториот Јутјуб канал[18], на кој најчесто се поставуваат видеоматеријали од информативен карактер за граѓаните, во овој квартал немаше нови објави.

За поголема ефикасност е потребно сублимирање на сите YouTube канали на АЕК, односно нивно спојување во еден канал, за да не се дисперзираат информациите и со тоа да се минимизира нивната основна функција – информирање на граѓаните.







Кога станува збор за Фејсбук-страницата на АЕК[19], можеме да констатираме дека за три месеци беа објавени две нови содржини, а на Твитер-профилот[20] немаше ниту една објава.

[17] https://www.youtube.com/user/aecmkd/videos
[18] https://www.youtube.com/channel/UCH5h_AIZADe-qUFT1ynkTqA
[19] https://www.facebook.com/aecmk?fref=ts
[20] https://twitter.com/aecmk

### 3.1.3 Состаноци на Комисијата

Во овој квартал, Комисијата на АЕК одржа четири состаноци. Според Законот, состаноците се затворени, па единствен начин преку кој јавноста може да се информира за нејзината работа се соопштенијата и, секако, записниците кои треба да се објавуваат на интернет-страницата на Агенцијата, во рок од седум дена од денот на одржувањето на состанокот.[21]




Во овој квартал за четири состаноци на Комисија беше испочитуван законскиот рок за објавување на записникот.

#### Препораки

-Гледано низ призмата на јавниот интерес, записниците се кратки и технички и не се доволно информативни за граѓаните.

-Освен за некои јавни набавки, записниците не даваат доволно информации за прашањата и темите за кои дискутирале и одлучувале членовите на Комисијата.

-Во интерес на транспарентноста и отчетноста на Комисијата пред граѓаните, би било корисно записниците да ги содржат и дискусиите по точките на дневниот ред на состаноците.

### *3.1.4 Јавни расправи*

Во периодот април – јуни 2017, АЕК отвори една јавна расправа за измена на Правилникот за начинот на пресметка на годишниот надоместок за користење на радиофреквенции. Со измените се направи намалување на надоместоците за Радиофреквенциските опсези кои се наменети за копнено мобилна служба во кои операторите би можеле да понудат широкопојасен интернет со што тие опсези стануваат доста атрактивни за употреба.

[21] Закон за електронските комуникации, член 20




### 3.1.5 Јавни состаноци

Во овој квартал АЕК го одржа првиот јавен состанок за 2017 година. Теми на првиот јавен состанок беа:

- Регулаторни мерки преземени од АЕК во првата половина на 2016 година;
- Управување со радиофреквенцискиот простор во Република Македонија;
- Национален центар за одговор на компјутерски инциденти, и
- Заштита на правата на крајните корисници.

### 3.1.6 Соопштенија

Во вториот квартал од 2017 година, АЕК објави пет соопштенија за јавноста[22] на следниве теми:

- Финален документ за анализа на пазарите за локален и централен пристап до инфраструктурата (коментари и финални одговори на коментарите) – документот може да се преземе, како и коментарите на Македонски телеком и оне.Вип кон Нацрт-документот за анализа на пазарите.
- Анализа на применливоста на националната и на европската правна рамка во однос на давателите на ОТТ-услуги – има можност да се преземе од анализата. Овој документ не претставува правен акт и не произведува никакви права или обврски за операторите или за која било страна.
- Пренос од Меѓународната регулаторна конференција 2017 - на корисниците им беше овозможено во живо да ја следат Меѓународната регулаторна конференција 2017, на Јутјуб-каналот на АЕК.
- Меморандум за разбирање со Регулаторната агенција за комуникации на Босна и Херцеговина во областа на електронските комуникации – подетално објаснување околу значењето на овој документ.
- Радиоаматерски испит – известување за терминот на одржување на радиоаматерскиот испит.

[22] Соопштенија http://www.aek.mk/mk/za-nas/soopshtenija




### 3.1.7 **Соработка со АЕК**

За потребите на овој мониторинг бевме во континуирана комуникација со претставниците на АЕК и за таа цел реализиравме неколку заеднички средби. Мораме да констатираме дека отвореноста на претставниците на АЕК кон проектниот тим во овој квартал беше на високо ниво. Редовно одговараа на нашите барања за средби, каде отворено се дискутираше за сите отворени прашања.

## 3.2 Ефективност и независност

### 3.2.1 Донации на АЕК

Во претходните два извештаја посочивме за донациите на АЕК за работи кои не се поврзани со развојот на електронските комуникации. Во овој квартал беше доделена само една донација - на пливачкиот клуб Бета од Скопје. Повторно, во записникот од состанокот на Комисијата не е посочено за колкава сума станува збор, ниту пак за што точно се донирани овие средства.

Изостанувањето на вакви информации за донациите знаеше да предизвика реакции во јавноста. Медиумите во неколку наврати го повикуваа АЕК преку ЈСП Скопје да престане да ја “спонзорира“ изградбата на Панорамското тркало.

Во меѓувреме, Агенцијата, донесе одлука за измена на Годишниот финансиски план на АЕК за 2017, со која ставката „Помошти, донации и други давачки“ е намалена од 75.385.000 денари на 4.615.000 денари.

Во нашата комуникација со Агенцијата, ни беше посочено дека АЕК е независно регулаторно тело кое самостојно одлучува и ребалансот доаѓа исклучиво поради внатрешните потреби на Агенцијата.

Расправата за ребалансот е објавена и на веб страната на регулаторното тело, веднаш по нејзиното донесување.

### 3.2.2 Анализа на измените на Годишниот финансиски план на АЕК за 2017 година

Комисијата на АЕК донесе одлука за измени и дополнувања на Годишниот финансиски план. За потребите на овој мониторинг направивме анализа на измените на Годишниот финансиски план, при што дојдовме до следниве заклучоци:

**Приходи и расходи**

Во новиот годишен финансиски план е предвидено нереализираните средства од претходните години (53.471.514 денари) да се префрлат во буџетот за 2017 година. Вкупно планираните приходи на АЕК во текот на 2017 година изнесуваат 545.471.514 денари, иако во почетокот на годината беше предвидено да изнесуваат 492 милиони денари.

Со измените во годишниот финансиски план, предвидениот буџет за расходи ќе изнесува 545.471.514 денари, односно исто колку што изнесуваат и предвидените приходи.

Најголемо зголемување има во ставката „Изградба на антенски столб *(Столб Водно)*" - 91.726.918 денари со што за оваа ставка е предвидено во текот на 2017 година да се потрошат вкупно 194.373.166 денари додека најголемо намалување има во ставката „*Помошти, донации и други давачки*" која е намалена од 75.385.000 денари на 4.615.000 денари.

## 3.1 Перформанси и извршување

### 3.3.1 Обуки на вработените во АЕК

Преку алатката што е поставена на интернет-страницата на АЕК - Прашања и одговори - успеавме да добиеме информации за тоа на кои обуки присуствувале вработените на АЕК во текот на 2017 година. Целта на ова прашање беше да видиме дали Агенцијата вложува во знаењето и во капацитетот на своите вработени, затоа што електронските комуникации се динамична област и вработените треба да бидат во тек со новите трендови и процеси. Во текот на 2017 година вработените на АЕК присуствувале на следниве обуки, средби и конференции:

èПоим и содржина на тужба, дефиниција и услови за поднесување тужба за утврдување, како посебен вид тужба од членот 177 од Законот за парнична постапка, со посебен осврт на тужба во работни спорови пред судовите. èПојаснувања на прописите од економска и од правна насока: Ограничувањата од Законот за трансформација во редовен работен однос, Законот за волонтерство, Законите за платите за сите области, Законите за јавната администрација, Општата управна постапка, Извадок од Законот за прекршоци, канцелариско работење и други прописи околу личните примања.

èПравилна примена на законот за ЈН во практиката од аспект на БЈН, СЈН и ДКЖЈН. è

PROformance WATCH

-Шеста конференција на Здружението на интерни ревизори на Србија.

èКултура на проверки.

èКомуникациските вештини како предизвик во современото работење.

èРаботните односи и постапката на извршување во работните односи, во согласност со новиот Закон за извршување.

èСредба на правници.

èКреирање ефикасен систем за оценување и мотивирање на вработените, како важен механизам за развој. è

-Обука за радиомониторинг

### 3.3.2 Јавни набавки

Во вториот квартал од 2017 година, АЕК спроведе и заврши осум постапки за јавни набавки, меѓу кои и јавна набавки за: чистење септичка јама, здравствени прегледи на вработените во АЕК, интернет-пристап и податочно




поврзување, канцелариски материјал, агрегат и УПС, репрезентативен материјал, одржување и сервисирање на ПП-опрема, дигитални сертификати

Во текот на овој квартал беше објавен Планот за јавни набавки за 2017 година[23] на интернет-страницата на АЕК.

### 3.3.3 Меѓународна регулаторна конференција 24-26 мај 2017

Во периодот од 24 до 26 мај во Охрид, АЕК по петти пат ја организираше Меѓународната регулаторна конференција, на која учествуваа претставници на регулаторните тела за електронски комуникации на државите од поширокиот регион, на операторите, техничкиот сектор, како и експерти од Владата и од невладините организации.

Главни теми на Конференцијата беа телекомуникацискиот пазар, управувањето со Интернетот, предизвиците во широкопојасниот интернет и новите трендови, улогата на медиумската писменост, приватноста и заштитата на податоците, како и воведувањето 5Г мрежа.

[23] План за јавни набавки за 2017 година http://aek.mk/mk/dokumenti/planovi/item/2100-plan-za-javni-nabavki-za-2017-godina

**Воведување трет мобилен оператор во Македонија**



Една од темите на кои се разговараше на Меѓународната регулаторна конференција беше воведувањето трет мобилен оператор во Македонија. Според директорот на АЕК Сашо Димитријоски, Агенцијата направила сè што е потребно за да се овозможат услови за влез на нов оператор на пазарот во Република Македонија. Имало и контакти со потенцијални оператори кои имале интерес за влез на македонскиот пазар, но политичката состојба во Македонија во тој момент веројатно влијаела на конечната одлука на можните инвеститори.Овие информации ги потврдија и претставниците на АЕК, во интервјуата спроведени за целите на овој мониторинг.

### 3.3.4 АЕК излезе со препораки за опасниот WannaCry вирус

Во текот на мај, на светската интернет-мрежа се појави нов малициозен софтвер наречен WannaCry од класата "Ransomware", односно софтвер што го енкриптира компјутерот на корисникот и потоа бара одредена сума пари за да го отклучи. Европската полициска агенција „Европол" соопшти дека во нападот биле погодени повеќе од 100.000 организации. Веднаш по настаните АЕК организираше итен состанок на кој присуствуваа претставници од Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА) и службени лица од Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти МКД-ЦИРТ, по што објавија препораки за тоа како корисниците да се заштитат од овој вирус.

### 3.3.5 Меморандум со Регулаторната агенција за комуникации на БиХ

Во рамките на петтата Меѓународна конференција, АЕК потпиша Меморандум за разбирање во областа на електронските комуникации со Регулаторната агенција за комуникации на Босна и Херцеговина. Целта на овој документ е да се продлабочи соработката меѓу двете регулаторни тела во областа на електронските комуникациски услуги. На интернет-страницата на АЕК нема подетални информации за тоа какво подобрување на услугите ќе добијат граѓаните на двете држави со потпишувањето на овој меморандум за соработка.

## 3.4 Јавен интерес

### 3.4.1 Грижа за корисниците

Во овој квартал, повторно го анализиравме делот на интернет-страницата на АЕК насловен *Грижа за корисниците*[24] . Можеме да констатираме подобрување, особено во потпрозорецот - *Прашања и одговори*. Граѓаните можат да пополнат онлајн формулар и да побараат информација, односно да поставаат прашање до Агенцијата.

Ние ја тестиравме оваа можност и поставивме прашања. Одговорите ги добивме во рок од 24 часа.

Според Агенцијата, преку категоријата *Прашања и одговори* во просек пристигнуваат по триесетина прашања месечно од страна на граѓаните.

### 3.4.2 Мобилни и веб-апликации на АЕК

**АЕК Калкулатор**[25] е мобилна и интернет-апликација која на корисниците треба да им овозможи ориентациска пресметка на цената за месечно користење на услугите за фиксна и мобилна телефонија од тековната понуда на пазарот за електронски комуникации. Ориентациската пресметка се базира на користењето на методологијата за ориентациска пресметка за услугите на мобилната и на фиксната телефонија. Оваа мобилна апликација досега е симната 500 пати и има просечна оценка од 3,5 од максимум 5 на Google play store.

*АЕК Именик*[26] е мобилна апликација која на корисникот му овозможува информација за тоа на кој оператор се наоѓаат мобилните и фиксните телефонски броеви запишани во именикот на мобилниот телефон. Дополнително, апликацијата пресметува месечна статистика за збирни појдовни и дојдовни разговори на корисникот. Оваа мобилна апликација досега е симната повеќе од 1.000 пати и има просечна оценка од 4,4 од максимум 5 на Google play store.

Со цел корисниците да се запознаат со апликациите, на komuniciraj.mk се поставени упатства со слики и видеа за користење на истите.

Со подемот на употребата на смартфоните, се зголемува и бројот и изборот на мобилни апликации за овие паметни телефони. Тоа се корисни и интересни мобилни апликации направени од македонски компании или индивидуалци.

Бидејќи веќе подолго време функционира системот на префрлање на броевите од еден кон друг оператор, но со задржување на стариот префикс, АЕК има именик кој им овозможува на граѓаните да имаат информација за тоа кон кој оператор остваруваат сообраќај.

[24] Грижа за корисниците http://www.aek.mk/mk/grizha-za-korisnici

[25] АЕК Kalkulator https://play.google.com/store/apps/details?id=com.or.calc.aek

[26] АЕК Imenik https://play.google.com/store/apps/details?id=com.aecphonebook